**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403 – 135/14**
**Скопје, 20. 02. 2007 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КУКЛИШ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Куклиш за 2005 година, кои се прикажани на страните од 3 до 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Куклиш за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Киро Христов, Градоначалник на општина Куклиш, до 30.06.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е извршена во периодот од 21.11. до 22.11.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.1.1. Расходите и приходите во сметководството и Билансот на приходи и расходи за 2005 година се потценети за износ од 2.005 илјади денари поради не примена на начелото за парично искажување на истите, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Со укинувањето на сметката на општина Куклиш салдото на денот на затварањето во износ од 2.005 илјади денари е уплатено на сметката на општина Струмица, а во книговодството на општина Куклиш наместо да се евидентира расход по основ на одлив на парични средства, извршено е сторнирање на приходот. Претходното има за ефект нереални приходи и расходи за 2005 година.
По овој наод ревизијата не дава препорака од причина што е извршено припојување на општина Куклиш кон општина Струмица.

11. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точката 10.1. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Куклиш на 30 јуни 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Буџетот на општина Куклиш остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, со 30 јуни 2005 година.

**Скопје, 16.02. 2007 година** **Овластен државен ревизор**

**Буџет на ЕЛС КУКЛИШ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005**

во 000 Ден.

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 423 | 2,852 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 13 | 31 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 770 | 7,061 |
| **Вкупно приходи** | | **1,206** | **9,944** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1. | 366 | 1,655 |
| Стоки и услуги | 3.4.2. | 396 | 1,163 |
| Тековни трансфери до единиците на локална самоуправа | 3.4.3. | 57 | 40 |
| Субвенции и трансфери | 3.4.4. | 1 | 32 |
| Социјални бенефиции | 3.4.5. | 5 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **825** | **2,890** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.5. | 381 | 4,279 |
| **Вкупно расходи** | | **1,206** | **7,169** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **0** | **2,775** |

**Буџет на ЕЛС КУКЛИШ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 30.06.2005**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 0 | 2,775 |
| **Вкупно тековни средства** | | **0** | **2,775** |
| **Вкупна актива** | | **0** | **2,775** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | | 0 | 2,775 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **0** | **2,775** |
| **Вкупна пасива** | | **0** | **2,775** |